**Република Северна Македонија**
**Државна комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен**

07-08, 2025

**Архивски број:** 0401-1275/20

Врз основа на член 22 став (1) алинеја 2 и став (8), Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 143/19, 14/20 и 208/24), а во врска со членовите 23 став (4) и 46 став (1) од Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 149/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16 и 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 110/19, 267/20, 151/21, 288/21, 111/23, 39/25 и 74/25) и согласно објавениот јавен оглас со архивски број број 0401-1275/1 од 31.07.2025 година за вработување на службеници на определено време, Заменик претседателот на Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен, донесе

**О Д Л У К А**
**за избор на 5 извршители за вработување на определено време во траење до крајот на тековната фискална 2025 година**

1. За работното место - Соработник за работи од областа на работните односи во Одделение за работи од областа на работните односи во Сектор за работни односи, внатрешни работи, граѓански сектор и инспекциски надзор – 1 извршител, објавен во дневните весници „Нова Македонија“ и „Коха“ на ден 01.08.2025 година година **се избира лицето: Катерина Јовановска.**
2. За работното место - Помлад соработник за работи од областа на работните односи во Одделение за работи од областа на работните односи во Сектор за работни односи, внатрешни работи, граѓански сектор и инспекциски надзор - 1 извршител, објавен во дневните весници „Нова Македонија“ и „Коха“ на ден 01.08.2025 година **се избира лицето: Рената Симоновска.**
3. За работно место - Помлад соработник за работи од областа на инспекцискиот надзор во Одделение за инспекциски надзор во Сектор за работни односи, внатрешни работи, граѓански сектор и инспекциски надзор - 1 извршител, објавен во дневните весници „Нова Македонија“ и „Коха “ на ден 01.08.2025 година **се избира лицето: Бојан Бојчевски.**
4. За работното место - Помлад соработник за решавање на предмети од имотно-правна област во Одделение за имотно –правни работи во Сектор за транспорт и врски, имотно-правни работи, локална самоуправа, земјоделство, шумарство, водостопанство, ветеринарство, економија, финансии и заштита на животната средина - 1 извршител, објавен во дневните весници „Нова Македонија“ и „Коха “ на ден 01.08.2025 година **се избира лицето: Весна Георгиевска- Малиновска.**
5. За работното место - Помлад соработник за вработување, мобилност, службенички однос и информативен систем за човечки ресурси во Одделение за управување со човечки ресурси - 1 извршител, објавен во


Државна комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен
Бул. „Гоце Делчев“ бр. 18, Скопје
Република Северна Македонија
070/407-476
072/265-535
www.dkz.mk

дневните весници „Нова Македонија“ и „Коха “ на ден 01.08.2025 година се избира лицето: **Мартина Страшеска**.

6. Оваа одлука влегува во сила на ден 08.08.2025 година.
7. Со избраните кандидати ќе се склучат Договори за вработување на определено време.

**Образложение**

Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен со допис бр.0401-1221/1 од 18.07.2025 година се обрати до Министерството за финансии со барање за обезбедување на финансиски средства за вработување на на лица на определено време – времено вработување со објавување на јавен оглас, за што од Министерството за финансии е добиено позитивно мислење за обезбедени финансиски средства за вработување на определено време во Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен со бр.19-8245/2 од 28.07.2025 година На ден 01.08.2025 година, во дневните весници „Нова Македонија“ и „Коха“ објавен е јавен оглас за вработување на 5 (пет) лица на определено време во траење до крајот на тековната фискална 2025 година.

Согласно член 22 став (8) од Законот за вработените во јавниот сектор за пополнување на горенаведените работни места во Државната комисија за одлучување во управна постапка и потапка од работен однос во втор степен е објавен Јавен оглас за вработување на определено време и е спроведена постапка согласно општите прописи од Законот за работните односи.

По однос на огласот број 0401-1275/1 од 31.07.2025 година за вработување на службеници на определено време доставени се 5 (пет) пријави и истите се разгледани за што е составен Записник за извршена селекција од Јавен оглас за вработување на определено време до крајот на тековната фискална 2025 година и Записник од работата на Комисијата за вработување на определено време до крајот на текоавта фискална 2025 година по Јавен оглас заради спроведување на интервју.

Имајќи го предвид констатираното во Записникот, пријавите на кандидатите и доставените докази се утврди дека лицето Катерина Јовановска ги исполнува условите за вработување на определено време за работното место број 1 од огласот; лицето Рената Симоновски ги исполнува условите за вработување на определено време за работното место број 2 од огласот; лицето Бојан Бојчевски ги исполнува условите за вработување на определено време за работното место број 3 од огласот, лицето Весна Георгиевска - Малиновска ги исполнува условите за вработување на определено време за работното место број 4 од огласот и лицето Мартина Страшевска ги исполнува условите за вработување на определено време за работното место број 5 од огласот.

Од горенаведените причини се одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ЗАМЕНИК ПРЕТСЕДАТЕЛ / ZËVENDËS KRYETAR**
**JUSUF MINIRI**

Доставено до:
- Именуваните
- Одделение за управување со човечки ресурси
- Архива

Изготвил: Н.С:Ф/ К.С.
Одобрил: Т.А.К.